**Приоритетни области на Општина Кочани во рамки на проектот ReLOaD2**

1. **Заштита на животна средина**

   1.1 Развој и поддршка на проекти со еколошки активизам за превенција од загадување на воздухот, дивите депонии и сливовите на речните корита;
   1.2 Промоција за зачувување на биодиверзитетот – природните реткости и богатства во заштитени подрачја;
   1.3 Поддршка на проекти и едукација од областа на енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија и поддршка на иновативни проектни активности за заштита на загадување преку примена на еколошки мерки.

2. **Туризам**

   2.1 Развој и промоција на туристичките потенцијали на територија на општина Кочани;
   2.2 Развој на рурален и алтернативен туризам преку искористување и промоција на културно-историско наследство, природните убавини и реткости за креирање на богата и разновидна туристичка понуда во општина Кочани;

3. **Социјална инклузија**

   3.1 Вклучување на децата од образовниот процес, младите лица и лица со посебни потреби во спортско-општествената сфера на животот, со цел зајакнување на спортскиот дух како значаен аспект во развојот на здрав начин на живот;
   3.2 Подобрување на квалитетот на живот на децата со потешкотии во развојот.

4. **Младински иницијативи**

   4.1 Поддршка на проекти и активности за подобрување на вештините и способностите на младите невработени лица за нивно вработување и самовработување во зависност од потребите на пазарот;
   4.2 Поддршка на проекти и активности за поголема вклученост на младите во општината преку младинскиот активизам и волонтеризам, нивна социјализација како и вклученост во проекти од културата
   4.3 Поттикнување на здрав живот и здрави навики кај младите преку спортски активности;
   4.4 Превенција од насилство во семејство, врсничко насилство (булинг), заштита на физичкото и менталното здравје.